# Психоза



## За што станува збор?

Психозата е состојба која го олабавува личното чувство за реалност. Ова може да дојде од Ментална болест како шизофренија или би-поларната болест (манична депресија) например, кога се намалуваат периодите на возбуда и претерана активност исто како и чувството. Симптомите на психозата можат исто така понекогаш да бидат причинети од повреда на мозокот или инфекција, алкохол или употреба на дрога. Повеќето млади луѓе оздравуваат од психозата и живеат потполно задоволувачки живот.

Никој не знае за сигурно што ја предизвикува оваа болест како шизофренијата или би-поларното нарушување. Првите знаци често се појавуваат во касните пубертетски години и раното полнолетство и може да започнат постепено.

Најраната фаза на психозата може да трае од неколку недели се до две години. Во почетокот можат да се појават неодредени промени во начинот на кој лицето мисли, осеќа и се однесува. Прво овие знаци можеби едвам се приметуваат. Младото лице во оваа фаза може да размислува конфузно, да се повлече од предходно занимливите активности и да го влоши успехот во училиштето.

Психозата може да делува на способноста на младото лице да се концентрира или неговите мисли може да изгледаат побрзи или побавни од обично. Младото лице кое минува низ овие промени може да се осеќа многу збунето и во невоља од она што се случува.

## Кои се раните знаци кои предупредуваат на психоза?

Раните знаци на психозата може да биде тешко да се откријат и може да се помешаат за вообичаени промени кај младите. Забележливите и настојчиви промени во односот и расположението на младите лица не треба да бидат игнорирани. Првобитните знаци кај младите луѓе се:

- Менување на мислењето - тешкотии при концентрирањето, слабо памтење, преокупираност, необични идеи и наголемено сомневање.
- Промена на расположението, брза промена на расположението, неумесно расположение.
- Менување на односот - чуден или необичен однос.
- Природни промени - вознемирено спиење или прекумерно спиење и губење на енергија.
- Општествени промени - повлекување или изолирање од пријателите и семејството.
- Промени во вршење на должностите - влошување на успехот во училиштето.

## Како може да им се помогне на младите луѓе кои страдаат од психоза?

Младите луѓе во почетокот на психозата може да се неспремни да побараат лекување, мислејќи дека ништо не е погрешно или пак се надеваат дека нивните симптоми ќе поминат. На младите им е потребна помош за да пронајдат што се случува и какво лекување е потребно. Семејствата исто така имаат потреба да разберат што се случува и како можат да помогнат.

Многу е важно да се побара помош колку е можно порано за да се подобри оздравувањето на младите луѓе. Влијанието од психозата може да биде многу потресно за младото лице и разорно за нивниот живот во критичниот период на развој. Колку подолго зема да се добие ефективно лекување толку има помали изгледи симптомите да поминат а ризикот е поголем од понатамошни епизоди.

Добра идеја е да се организира лекарски преглед со вашиот лекар за да се осигура дека не постојат други сериозни природни или емоционални проблеми кои ќе имаат потреба од лекување. Повеќето млади луѓе со психоза се лекуваат во заедницата од страна на професионалци за ментално здравје и нема потреба да се стават во болница. Ова го намалува страдањето и пореметувањето на младите луѓе и нивните семејства. Да се раговара со некого е важен дел од лекувањето. Работниците за Ментално здравје разбираат што се се случува и можат да ги смират и обезбедат информации за младите лица и нивните семејства.

Лековите често се дел од тритменот за психозата да помогнат во оздравувањето и оневозможат понатамошно развивање на болеста. Психијатар ќе одреди дали се потребни лекови. Постојат неколку различни видови на лекарства кои можат да бидат препорачани и младите луѓе обично започнуваат со многу мали дози. Програми како да се препознае психозата кај младите луѓе и понудена помош во нај раниот почеток на болеста се подготвени ширум Нов Јужен Велс.

## Дали некој оздравил од психоза?

Оздравувањето е различно и варира од лице до лице со тоа што некои се повраќаат брзо кон нивниот нормален живот, додека на други може да им одземе месеци или подолго за да се повратат.

Семејствата и пријателите можат да му помогнат на младото лице да оздрави со:

- Пронајдување на знаците и последиците на психозата.

Понудување на помош и охрабрување.

- Да му се овозможи на младото лице време за оздравување и враќање на училиште, универзитет, работа или обука за работа.
- Стекнување само подршка.

## Каде да се побара помош?

Во итни случаи контактирајте го:

- Вашиот општ лекар или Одделението за итни случаи во вашата локална болница
- Други специјалисти кои работаат со деца и младинци како педијатар и детски психолог/психијатар.
- За друга помош, прво што треба да контактирате може да биде:
- Вашата локална Подрачна здравствена служба (за работно време) вклучувајќи ги и општествените здравствени центри или специјалист при службите за Ментално здравје на деца и младинци (За помош ве молиме обратете се до подолу наведените броеви или на задната страна на папката)
- Вие исто така можете да го повикате Transcultural Mental Health Centre (TMHC) на: 02 9840 3899.

**Ако не зборувате добро Англиски, може да телефонирате до Telephone Interpreter Service (TIS) - Телефонската Преведувачка служба на 131 450 (ова е бесплаатна служба) и побарајте во ваше име да го повикаат TMHC (за работно време) на: 02 9840 3899. Луѓето кои живеат во селските и оддалечени подрачја на Нов Јужен Велс може да го повикаат TMHC на бесплатниот телефонски број: 1800 648 911 за услуга.**

NSW HEALTH